Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02 и 82/08) и член 25 став 2 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08) министерот за образование и наука ја утврди наставната програма по предметот *македонски јазик* за VIII одделение на осумгодишното основно образование, односно IX одделение на деветгодишното основно образование.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

НАСТАВНА ПРОГРАМА

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, септември 2009 година

**ЗАБЕЛЕШКА:**

**Согласно динамиката за воведување на деветгодишното основно воспитание и образование, наставната програма за учениците во VIII одделение на осумгодишното основно училиште од учебната 2010/11 година е еквивалентна на наставната програма за IX одделение на деветгодишното основно училиште.**

Според наставниот план за предметот *македонски јазик* се планирани по 4 часа неделно, односно 144 наставни часа годишно.

Наставниот предмет *македонски јазик* во наставниот план има статус на задолжителен наставен предмет.

## 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО IX ОДДЕЛЕНИЕ

- да ги утврди и да ги прошири знаењата за озаконувањето (кодификацијата) на македонскиот литературен (стандарден) јазик;
- да се оспособува да го применува правилото за зборовно акцентирање во македонскиот стандарден јазик и акцентирањето на туѓите (странски) зборови;
- да се оспособи да ги разликува сложените глаголски форми и правилно да ги употребува;
- да се оспособи да ги разликува и правилно да ги употребува неменливите зборови (честички, извици, модални зборови);
- да ги разликува зависносложените (подредени) реченици во рамките на сложената реченица;
- да се упати во различната употреба на јазикот во функционалните стилови;
- да се оспособи да користи различни македонски речници;
- да се оспособи правилно да ги употребува интерпункциските и правописните знаци;
- да ги препознава особеностите на поемата како епско-лирска творба;
- да ги препознава видовите рими;
- да ги препознава основните карактеристики на одделни видови романи;
- да умее да интерпретира делови од различни видови романи;
- да ги знае етапите на драмското дејство;
- да прави разлика меѓу драмскиот текст како творба за читање и како предлошка за театарска претстава;
- да ги знае особеностите и да умее да интерпретира делови од научно-литературни творби;

- да ја знае намената на текстовите од практична природа и да умее да ги применува;
- да знае да се служи со различните форми на писмено изразување;
- да умее да употребува соодветна форма на обраќање и соодветен стандарден јазик во службена комуникација;
- да умее да ги согледува сличностите и разликите меѓу литературната, театарската и филмската уметност.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: *ЈАЗИК (50 часа)*** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да се запознае со личноста и делото на Крсте П. Мисирков и неговиот влог кон развојот на македонскиот јазик;<br>- да се запознае со процесите пред кодификацијата на македонскиот јазик и со важните историски датуми;<br>- да знае кога е извршена кодификацијата (озаконувањето) на македонскиот литературен јазик: донесување на азбуката и на правописот;<br>- да се запознае со првите значајни дела (граматики, правопис и сл.) каде што се дадени насоките за развојот на македонскиот литературен јазик. | Македонскиот јазик во XX век<br>Крсте П. Мисирков и книгата „За македонцките работи"<br>Македонскиот јазик меѓу двете светски војни<br>Круме Кепески<br>Блаже Конески | Кодификација (озаконување)<br>Азбука<br>Правопис<br>Граматика<br>Стандарден (литературен) јазик | Запознавање со личноста и со влогот на Крсте Мисирков во развојот на македонскиот јазик преку аудиовизуелни средства (по можност посета на Спомен-собата на Крсте Мисирков во Институтот за македонски јазик во Скопје) или мултимедиумско претставување. Запознавање со фотокопии од документите што ја опфаќаат кодификацијата на македонскиот јазик. Запознавање со првите објави за македонската азбука и Македонскиот правопис од 1945 год. |
| | **Фонетика** | | |
| - Да ги препознава туѓите (странски) зборови и правилно да ги акцентира;<br>-да ги препознава туѓите зборови што го примиле македонскиот акцент. | Правила за акцентирање на туѓите (странски) зборови | Акцент<br>Туѓи (странски) зборови | Вежби со примери од соодветно избрани текстови каде што се употребени туѓи (странски) зборови. Самостојно составување примери каде ќе се употребат туѓи зборови, правилно да се изговорат со нивниот акцент. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Морфологија** | | |
| - Да ги разликува сложените глаголски форми (минато неопределено свршено и несвршено време (перфект), идно време (футур), можен начин , сум-конструкции има-конструкции);<br>- да ги знае сложените глаголски форми, правилно да ги употребува;<br>- да прави разлика  меѓу простите и сложените глаголски форми. | Сложени глаголски форми<br>Минато неопределено свршено и несвршено време (перфект)<br>Идно време (футур)<br>Можен начин | Минато неопределено свршено и несвршено време (перфект)<br>Идно време (футур)<br>Сум-конструкции<br>Има-конструкции<br>Можен начин | Вежби од соодветно избрани текстови каде ќе се изврши трансформација на глаголи во сите сложени глаголски форми.<br>Самостоен избор на ученикот на текстови каде се употребени сложени глаголски форми. |
| - Да ги препознава и да ги разликува честичките;<br>- да прави разлика меѓу честички во споредба со другите неменливи зборови. | Честички (партикули)<br>Формообразувачки честички | Честички (партикули) | Вежби со избор од соодветни текстови каде што се употребени честички. Составување реченици каде што ќе се употребеат честички за истакнување ило за определување. |
| - да ги препознава и да ги разликува извиците( каков чувствен однос се изразува со нив: чудење, страв, восхит и сл.);<br>- да ги употребува правилно извиците (со употреба на соодветен интерпункциски знак или со соодветен изговор). | Извици (интерјекции) | Извици (интерјекции) | Вежби со избор од соодветни текстови каде што се употребени извици. Составување реченици каде што ќе се употребеат извици со различен чувствен однос. |
| - да ги препознава и да ги разликува модалните зборови;<br>- да знае кои зборови може да се употребат во функција на модален збор. | Модални зборови | Модални зборови | Вежби со избор од соодветни текстови каде што се употребени модални зборови. Составување реченици каде што ќе се употребат модални зборови. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Синтакса | | |
| - Да ги разликува зависносложените реченици (исказни, временски, причински, последични, условни, допунски, односни, начински и целни).<br>- да разликува главна и зависна реченица во рамките на зависносложената реченица;<br>- да составува зависносложени реченици со поврзување дел-реченици;<br>- да ја употребува правилно запирката и да употребува правилен зборовред. | Структура на сложената реченица (повторување)<br>Зависносложени реченици: исказни, временски, причински, последични, условни, допунски, односни, начински и целни | Сложена реченица<br>Зависносложена реченица | Вежби за оформување зависносложени реченици од две или од повеќе прости реченици.<br>Анализа на зависносложени реченици каде што се изделува зависната и главната дел-реченица. |
| | **Речник и стил** | | |
| - Да ги разликува основните функционални стилови (карактеристиката на јазикот употребен во нив). | Функционални стилови и потстилови | Стилистика<br>Функционални стилови | Вежби со избор од текстови од различни функционални стилови. |
| - да разликува видови речници (специјализирани, двојазични, повеќејазични, толковен итн.);<br>- да умее да користи различни видови речници. | Видови речници | Речник | Упатување како се користи речник, претставување на македонски речници преку посета на библиотека или во училишната библиотека. |
| | **Правопис** | | |
| - Да знае да прави разлика меѓу правописните и интерпункциските знаци;<br>- правилно да ги употреби интерпункциските и правописните знаци. | Интерпункциски знаци<br>Правописни знаци | Интерпункциски знаци<br>Правописни знаци | Вежби за правилна употреба на интерпункциските знаци и правописните знаци. |

| **Програмско подрачје: Литература и лектира (50 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **1. Поезија** | | | |
| - Да ги препознава особеностите на поемата;<br>- да умее да интерпретира поема. | Поема | Поема | Прочитана поема (или извадоци од поема). Вежби за препознавање на карактеристиките на поемата. Вежби за интерпретирање на текстовите. Поемата „ Сердарот“ од Г. Прличев и други поеми од современи македонски автори (Б. Конески, А. Поповски, М. Ренџов). |
| - Да ги препознава видовите рими;<br>- да знае да пронаоѓа примери со соодветни видови рима; | Видови рима: паралелна, вкрстена и обгрлена | Паралелна рима<br>Вкрстена рима<br>Обгрлена рима | Поетски творби со различни видови рими. Самостојно пронаоѓање текстови од страна на ученикот со различни рими. |
| - Да се оспособи за пронаоѓање на стилските фигури во творби од македонската народна и авторска литература;<br>- да умее да ја толкува функцијата на стилските фигури во уметничкиот текст; | Стилски фигури: алегорија, симбол, словенска антитеза, иронија | Алегорија<br>Симбол<br>Словенска антитеза<br>Иронија | Текстови во кои се застапени стилските фигури (од народната и од уметничката литература). Самостојно пронаоѓање и посочување текстови во кои се застапени стилските фигури. |

| **2. Проза** | | | |
|---|---|---|---|
| - Да ги препознава основните карактеристики на видовите романи;<br>- да интерпретира делови од различни видови романи. | Видови романи: авантуристички, научно-фантастичен и љубовен | Авантуристички роман<br>Научно-фантастичен роман<br>Љубовен роман | Извадоци од романи. Определување на видот на романот според неговите карактеристики. Интерпретација на извадоците. |
| | | **Драма** | |
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| - Да ги знае петте композициски етапи во драмската творба;<br>- да ги коментира етапите во соодветни драмски извадоци; | Композиција на драмски текст: експозиција, заплет, кулминација, перипетија и расплет | Експозиција<br>Заплет<br>Кулминација<br>Перипетија<br>Расплет | Извадоци од драмски творби. Вежби за воочување и толкување на композициските етапи во драмската творба. Метод на читање по улоги; правење разлика во говорот на актерите. Метод на креативно пишување за претворање на прозен во драмски текст. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да ја согледа и да ја разбере двојната природа на драмскиот текст (како творба која ја читаме и како предлошка за изведба на сцена); | Двојна природа на драмски текст | Двојна природа на драмски текст | Посета на театарска претстава. Прочитана драмска творба во целост. Согледување на двојната природа на драмскиот текст. |
| - да ги знае особеностите на литературно-научните видови;<br>- да интерпретира делови од литературно-научни творби. | Литературно-научни видови: биографија, автобиографија, патопис и репортажа | Биографија<br>Автобиографија<br>Патопис<br>Репортажа | Извадоци од литературно-научни творби. Интерпретирање на извадоците. |
| **3. Лектира** | | | |
| - Да умее да интерпретира, интегрално и целосно, литературни дела од различни литературни родови и видови. | Наслови од македонската и светската литература | Лектира: Интегрално читање на литературно дело (дома) | Самостојни активности на учениците за читање и интерпретирање во писмена форма на лектирните творби. |

| **Програмско подрачје: Изразување и творење (34 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Усно и писмено** | | | |
| - да ги знае особеностите и намената на различните форми на писмено изразување;<br>- да знае правилно да ја употребува нормата на македонскиот литературен јазик; | Различни форми на писмено и усно израување: пријава, телеграма, службени обрасци, усна комуникација со службени лица и со институции | Пријава, Телеграма службени обрасци службена комуникација | Вежби за пишување различни видови форми на писмено изразување. Пример: Пополнување на:<br>- пријава  за средно училиште;<br>- различни банкарски уплатници;<br>- форми на формулари за пријавување во различни институции (престој во странство; зачленување во одредени младински организации и сл.);<br>- симулација на форми на обраќање и комуницирање во различни ситуации (комуникација со службено лице од училиште или од друга институција). |
| - да умее да прикажува актуелни настани, појави, проблеми од секојдневието;<br>- да зазема и искажува) свој став за нив;<br>- да умее да собере и да селектира податоци и да подготви предавање; | Известување: новинарска статија и предавање | Новинарска статија<br><br>Предавање | Претставување со сопствена новинарска статија за настан, појава, проблем. Пример: Откриена нова планета. Акција за средување на училишниот двор. Го прославивме денот на училиштето. Весници и списанија. Претставување со предавање. Примери: Детството и школувањето на Кочо Рацин. „Бели Мугри “ – тематски осврт. Печалбарството како мотив. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Три писмени работи (една во прво и две во второ полугодие) | Писмени работи | |
| **Програмско подрачје: Медиумска култура (10 часа)** | | | |
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| - Да ги знае изразните средства кои ги користи филмската уметност;<br>- да го согледа значењето на овие изразни средства за посликовито прикажување на филмската идеја, синопсисот и сценариото пред публиката; | Изразни средства на филмот: говор, глума, музика, звучни ефекти, маски, шминка | Говор<br>Глума<br>Музика<br>Звучни ефекти<br>Маски<br>Шминка | Самостојно и заедничко следење на филм. Белешки за согледувањата на учениците за филмските изразни средства и нивното значење. Прирачници за филмската уметност. Користење ИКТ. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да умеат да ја споредуваат филмската и литературната уметност. | Поим за филмска адаптација на литературно дело | Филмска адаптација | Примери за литературни дела кои биле адаптирани за снимање филм. Говорни вежби за презентирање на сопствените согледувања за сличностите и разликите меѓу двете уметности. Прирачници за филм. Користење ИКТ. |
| - да умее да ги согледа сличностите и разликите меѓу театарската, литературната и филмската уметност. | Споредување на театарската, филмската и литературната уметност | Филмска, тетарска и литературна уметност | Следење театарска претстава и филм и читање уметнички дела. Разговор за нивните изразни средства и споредување на сличностите и разликите. |

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставната програма по предметот **македонски јазик** е конципирана според барањата на современите методи за стекнување знаења и способности на учениците, па така неопходно е, пред сѐ, да се примени принципот на корелација и интеграција во наставната програма меѓу сите програмски подрачја, а особено меѓу програмските подрачја **Јазик** и **Литература**. Тоа значи врз примери од литературни текстови да се применуваат и да се проверуваат здобиените знаења од јазик, правопис и правоговор. Исто така, во интегрираното планирање на предметното подрачје **Јазик** треба да се вклучат и содржини од странските јазици што ги изучуваат учениците при усвојувањето поими од граматиките на странските јазици. Според барањата на интегрираната настава се препорачува поврзување и интегрирање на содржините од **Литература** и **Медиумска култура**, каде што книжевните текстови и ликовите при анализата може да се споредуваат, на пример, со сценариото за филм што е направено според истата книга или, на пример, содржините од програмското подрачје **Медиумска култура** може да се поврзат со предметот *музичко образование* кога учениците ќе ги откриваат и ќе ги анализираат изразните средства на филмот, како и кога ќе ги изучуваат видовите рими од подрачјето **Литература.** Интегрирана настава може да се постигне и со предметот *ликовно образование* ако учениците при нивните самостојни активности треба да изработат цртеж на зададена тема според извадок од учебникот или, пак, да умеат ликовно да претстават некоја планета, според содржината на научно-фантастичен роман. Наставниот предмет **македонски јазик** може да се поврзе и со други наставни предмети, и тоа: со предметот *историја* (кога учениците се запознаваат со важните историски факти за кодификацијата на македонскиот јазик, како и со значајните дејци на полето на развојот и озаконувањето на македонскиот литературен јазик, Крсте П. Мисирков, Круме Кепески и Блаже Конески, а во исто време се запознаваат со економските, општествените и културните прилики во Македонија во почетокот на XX век; со предметот *географија* (кога се интерпретира на пример некој авантуристички роман во кој се претставени далечни, а сепак постоечки предели познати од предметот географија).

Во севкупното планирање на содржините на наставниот предмет македонски јазик треба да се вклучат и планирања кои се поврзани со вреднување на постигнатите резултати на учениците за време на реализацијата на наставната програма и на крајот од определени образовни периоди. Тоа подразбира дека вреднувањето треба да е дел од дневните, тематските и од глобалните планирања на наставниот процес.

*Препораки за користење на годишниот фонд на часови* – 144 часа годишно, 4 часа неделно.

По наставни подрачја се предлага следниот фонд на часови: Јазик – 50 часа; Литература и лектира – 50 часа; Изразување и творење – 34 часа; Медиумска култура – 10 часа.

*Наставни средства:*

- учебник избран на ниво на училиштето за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот;
- енциклопедии, речници и сл.;
- списанија – традиционално потврдени и одобрени списанија за деца и млади;
- аудитивни, визуелни и аудио-визуелни средства – ЦД, литературни текстови, звучни записи;
- Интернет, образовни софтвери;
- други извори на знаења здобиени од непосредната околина: споменици на културата, музеи, домови на културата, библиотеки, кина, театри, национални паркови итн.

## 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

*ДИЈАГНОСТИЧКО ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ*

На почетокот од учебната година наставникот врши дијагностичко проверување и вреднување, со цел да го провери и да го осознае нивото на постигнатите знаења и способности на учениците од претходните одделенија. Дијагностичкото проверување наставникот може да го реализира со примена на повеќе инструменти, како што се: тестови на знаења, со анкетни листови, со усни прашања и разговори подготвени од наставникот, со пишување куси состави.

Добиените резултати се слика на ученичките предзнаења во најширока смисла на зборот и претставуваат основа за планирањето и реализацијата на наставната програма, како и за оценувањето во текот на наставната година.

*ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ*

Во текот на наставата по македонски јазик во VIII одделение се препопрачува формативно следење кое ќе овозможи формирање на објективни описи како повратна информација за постигањата на учениците во определен временски период. Формативното следење на постигањата на учениците наставникот може да го реализира со користење на повеќе методи за оценување:

- разговори наставник – ученик;
- усни презентации;
- писмени вежби;
- тестови;
- домашни работи.

- Портфолио – собирање показатели за постигањата на секој ученик посебно (ученички творби, искази, изработки и сл.). Портфолиото треба во текот на целата година да им е достапно на родителите за да можат да придонесат во квалитетната реализација на наставата по македонски јазик.
- Потфолиото на ученикот со прочистени и селектирани податоци продолжува во наредното, повисоко одделение.

Овие и други методи на оценување наставникот може да ги проверува и да ги вреднува со однапред подготвени евалвациони листи за секој ученик одделно, кои се пополнуваат со негова конкретна и специфична активност. Добиените резултати од следењето на постигањата на учениците овозможуваат креирање на планирани усни и пишани повратни информации, кои во форма на креирани описи се наменети за учениците, за родителите и за самите наставници.

*МИКРОСУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ* – На крајот од секое тримесечје, врз основа на сознанијата од формативното оценување, се реализира микросумативно оценување од чиишто резултати се оформуваат тримесечните оценки и вреднувања на постигањата на учениците.

*СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ* – Врз основа на целокупните податоци добиени од следењето, проверката на постигањата на учениците во текот на реализацијата на наставната програма, наставникот ја констатира (опишува) развојната состојба на секој ученик поединечно, во рамките на секое програмско подрачје. Од формираните сумативни описни оценки, формулирани за секој ученик, посебно раководејќи се од поставените нивоа на постигања, во текот на определени временски периоди, наставникот внесува и соодветни нумерички оценки.

## 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ

Наставната програма по македонски јазик се реализира во простор и со опрема според Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно образование.

## 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Настава по македонски јазик во IX одделение може да изведува лице кое завршило:

а) Филолошки (порано Филозофски) факултет, студиска група за македонски јазик и македонска книжевност, студиска група за македонски јазик и книжевност; студиска група за македонска книжевност и јужнословенски книжевности (порано книжевности на народите на СФРЈ), со македонски јазик како втор главен предмет - наставна насока; студиска група за компаративна книжевност - наставна насока- до 1993 .

б) Педагошка академија, група Македонски јазик и српскохрватски јазик.

## 7. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ од VII до IX одделение

Ученикот/ученичката:

- ги разликува основните карактеристики на македонскиот јазик во неговиот историски развој;
- знае важни историски датуми и личности за стандардизацијата на македонскиот јазик;
- прави разлика меѓу лексичкото и граматичкото значење на зборовите;
- ги применува здобиените знаења од фонетиката, морфологијата, синтаксата при писменото и усното изразување;
- анализира и интерпретира поетски, прозен, драмски текст;
- интегрално (целосно) чита книги од различни родови и видови;
- критички и креативно пристапува кон литературни, научни и др. видови текстови;
- трансформира еден вид литературен текст во друг (од драма во проза и обратно) - усно и писмено;

- прави корелација со содржини од другите наставни подрачја, особено со уметничките подрачја - ликовното, музичкото, филмското, театарското и др.;
- подготвува јазичен исказ (говор) и говори на дадена тема;
- пишува разни форми на писмено изразување;
- применува информациите до кои дошол преку ИКТ.

**Потпис и датум на утврдување на наставната програма**

Наставната програма по *македонски јазик* за VIII одделение на осумгодишното основно образование, односно IX одделение на деветгодишното основно образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

на ден Министер

_______________ Никола Тодоров